Врз основа на член 18 став 1 алинеја 18, а во врска со член 20 став 1 алинеи 1, 2 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), а согласно Заклучокот бр.02-4230/4 од 21.08.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 6-та седница одржана на 21.08.2014 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се овластува в.д. Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во име на Агенцијата, да потпише Договор за престанок и давање на трајно користење на движни ствари без надомест, за 2 (два) монитори PHILIPS 107E, со Влада на Република Македонија, Секретаријат за европски прашања.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Со цел потпишување Договор за престанок и давање на трајно користење на движни ствари без надомест, за 2 (два) монитори PHILIPS 107E, со Влада на Република Македонија, Секретаријат за европски прашања, врз основа на член 18 став 1 алинеја 18, а во врска со член 20 став 1 алинеи 1, 2 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14 и 101/14), на предлог на в.д. Директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот бр.02-4230/4 од 21.08.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 6-та седница одржана на 21.08.2014 година донесе одлука како во диспозитивот. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Бр.** 02-4257/1

21-08- **2014 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет на Агенцијата,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:
- сите членови на Советот на Агенцијата;
- в.д. Директор, д-р Зоран Трајчевски;
- Раководителот на Стручната служба на Агенцијата;
- сите раководители на Секторите во Агенцијата;
- Секретаријатот на Агенцијата - архива.